**СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ Скопје**

# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ

Политиката за безбедност на информациите ги дефинира одговорностите на раководството во системот за управување со безбедност на информациите (СУБИ), кој е во целост во склад со деловните цели на сите деловни единици во СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ, со дејност: трговија на големо со течни и гасовити горива и слични производи, трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници и складирање на нафта и нафтени деривати.

Главните цели на СУБИ на организацијата се:

- ✓ Заштита на важните информации од недозволен пристап;
- ✓ Заштита на ресурсите од неовластен пристап, ненамеско користење и злоупотреба;
- ✓ Одржување на доверливоста на информациите;
- ✓ Зачувување на достапноста на информациите за овластените лица;
- ✓ Остварување на усогласеност со законските, регулаторни и други барања;
- ✓ Документирање и истражување на настаните и инцидентите кои се во врска со безбедноста на информациите;
- ✓ Остварување на високо ниво на свест кај вработените за потребата од заштита на информациите и ресурсите;
- ✓ Спроведување на постојано унапредување на СУБИ.

Политиката на СУБИ ја зголемува свеста кај вработените за посветеноста за спроведување на непречено работење, применливи барања кои се однесуваат на безбедност на информациите, како и развојот и зголемување на обемот на работењето благодарејќи на репутацијата и угледот во јавноста.

Политиката се применува во рамките на дефинираниот предмет и подрачје на примена на СУБИ.

Раководството е посветено на СУБИ и обезбедува оваа полиика да биде дистрибуирана и објаснета на сите вработени и заинтересирани страни (на нивно барање), имплементирано во организацијата и редовно преиспитуана, со цел редовна проверка на нејзината актуелност, усогласеност и соодветност на организацијата.

Раководството најмалку еднаш годишно го спроведува преиспитувањето од страна на раководството за да може да се увидат можностите за подобрување на СУБИ.

Раководстото ја одобрува и преиспитува оваа Полиика, а членовите на проектниот тим се задолжени за имплементација на СУБИ.

Сите вработени се придржуваат до правилата и ги исполнуваат барањата кои се дефинирани со оваа Политика и со останатата документација од СУБИ.

Секој вработен во функциите важни за безбедноста на информациите има право да го сопре секој процес и активност, кога ќе утврди неусогласеност, било во одвивањето на процесот кој се однесува на третманот и архивирањето на информациите или непосредна опасност за безбедноста на информациите.

Управителот со својот потпис ја заверува изјавата дека ја прифаќа оваа Политика на СУБИ, со што ја искажува својата посветеност за постојани подобрувања на системот за безбедност на информациите и заложбата да ја применува во секој сегмент од своите организациски одговорности.

Скопје, 05.12.2024 год.

Управител
Снежана Стајиќ